

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

2025
Тетово

НУЦК „ИЉО АНТЕСКИ-СМОК“-ТЕТОВО
INQK “ILO ANTESKI-SMOK”-TETOVË
NICC “ILO ANTESKI-SMOK”-TETOVO

Врз основа на член 31-б став (1) од Закон за Културата („Службен весник на Република Северна Македонија“44/2014) и член 12, точка 10 од Статут на НУЦК. „Иљо Антески – Смок„ - Тетово, бр.0101-18/6 од 16.04.2015, Директорот на Национална Установа Центар за Култура „Иљо Антески-Смок“-Тетово, донесува:

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ИЉО АНТЕСКИ-СМОК“-ТЕТОВО ЗА ПЕРИОД 01.07.2025-31.12.2025

**2026**

Т Е Т О В О

# СОДРЖИНА


01 **Вовед** ........................................ **4**

02 **Органи на раководење и управување** ........................................ **5**

**I.1** Орган на раководење ........................................ 5
**I.2** Орган на управување ........................................ 5

03 **Програмски дел** ........................................ **6**

**II.1** Активности ........................................ 6
**II.2** Наративен извештај ........................................ 8

04 **Финансиски извештај** ........................................ **15**

05 **Заклучок** ........................................ **22**



# Вовед

НУЦК „Иљо Антески-Смок"-Тетово е изградена во 1973 година, а со работа на администрација службено започна во 1975 година. Овој објект има површина од 6.500 квадратни метри, од кои 780 м2 се дел од бината.

За организирање на музичко-сценски и други активности, Центар за Култура поседува голема сала со 661 седишта, како и мала сала со 50 седишта за разни промоции.

Центарот за Култура е важен носител на културни, уметнички и сценски активности во Тетово и тетовско. Е пристојна за одржување на концерти, разни музичко-сценски активности, претстави, промоции, изложби, концерти за ансамбли, оперски, одржување на политички активности, а истовремено со своите дејности, активно дејствува за промоција и остварување на културни вредности.

За секоја година, во овој објект нивните активности ги одвиваат стотици уметници од разни профили од сите националности и разни јазици, актери, музичари, пејачи, игроорци, балетани, сликари идр. А годишно во Центарот за Култура се одржуваат над 100 активности, со над 50.000 посетители.

# I. ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

## I.1. ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ
### ДИРЕКТОР

Национална Установа Центар за Култура „Иљо Антески-Смок“-Тетово, се раководи од директорот, кој се избира од Министерот за култура и туризам, преку јавен оглас распишан од Министерство за култура и туризам, со мандат од 4 (четири) години со право за избор и за еден втор мандат. Директорот на установата за период од 01.07.2025 до 31.12.2025 година ги раководел, координирал и ги елиминирал сите можни препреки за непречено реализирање на сите матични и другите активности кои се организирани од здруженија, институции и слично.

## I.2. ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ
### УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Центарот за култура го сочинуваат 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува министерот за култура и туризам, од кои двајца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените на Центарот за култура. Управниот одбор во период 01.07.2025-31.12.2025 година, има реализирано една (1) седница. Податоци за донесените акти.

| Датум на седници | Одлуки | Согласности | Усвојувања |
|---|---|---|---|
| 28.07.2025 | 3 | 1 | 4 |
| **Вкупно** | **3** | **1** | **4** |

# II. ПРОГРАМСКИ ДЕЛ

## II.1. АКТИВНОСТИ

НУЦК. „Иљо Антески Смок"- Тетово, во нејзиниот објект за прикажување на разни настани ја има големата сала со 661 седиште и малата сала погодна за разни мали промоции со 50 седишта.

Во период од 01.07.2025 до 31.12.2025 во Центарот за Култура се има одржано вкупно 56 разни настани, од кои повеќето се од драмска и музичка дејност. На овие активности, во Центарот за Култура фрекуентирале 21.780 љубители на уметноста од сите националности во земјата и религии.

Големата сала на Центарот за Култура, пропорционално го користи и Тетовски Театар, и тоа секој четврток и петок од годината, а и други термини пред реализација на премиери, а вкупно за овој период салата го користеле 22 дена.

Активностите поделени по видот, за период од 01.07.2025 - 31.12.2025 на табеларен преглед би изгледало:

| Бр. | Вид на активност | Број на активност |
|---|---|---|
| 1 | Претстави | 18 |
| 2 | Класична музика | 1 |
| 3 | Фолклор | 2 |
| 4 | Изложби | 3 |
| 5 | Свечена академија | 1 |
| 6 | Трибини | 2 |
| 7 | Политички средби | 2 |
| 8 | Активности за деца | 5 |
| 9 | Концерти | 14 |
| 10 | Филм | 7 |
| 11 | Литература | 1 |
| | **Вкупно** | **56** |

**Според категоријата на возраст:**

| Бр. | Категорија на возраст | Вкупно настани | Вкупно посетеност |
|---|---|---|---|
| 1 | до 12 | 9 | 3.100 |
| 2 | +12 | 2 | 900 |
| 3 | +18 | 45 | 17.780 |
| | **Вкупно** | **56** | **21.780** |

**Активности според национална основа:**

| Бр. | Активност според националност | Вкупно активности | Вкупна посетеност |
|---|---|---|---|
| 1 | Мешана | 9 | 2.400 |
| 2 | Албански | 40 | 15.280 |
| 3 | Македонски | 7 | 4.100 |
| 4 | Турски | / | / |
| 5 | Српски | / | / |
| 6 | Ромски | / | / |
| | **Вкупно** | **56** | **21.780** |

Центарот за Култура има склучено договори со сите организатори, освен Тетовски Театар кои се под ист објект со нашата институција.

| Склучени договори | Ослободување од плаќање | Вредност |
|---|---|---|
| **По одобрение на Министерство за Култура и Влада** | 0 | 0 |
| **Тетовски театар** | 22 дена | 0 |

# II.1. НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

## Јули 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Активност за деца | Висион М | 12.07.2025 | 50 |
| Концерт | НУБ „Кочо Рацин" | 25.07.2025 | 50 |

01 **12.07.2025 (сабота)**

Во организација на Висион-М, се реализираше активност за деца во делот на фоајето. На активноста имаше 50 присутни.

02 **25.07.2025 (петок)**

Во организација на НУБ „Кочо Рацин", беше организиран проектот „Стихови, звуци и ѕвезди" во надворешниот дел на институцијата. На овој настан имаше 50 посетители.

## Септември 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Претстава | Тетовски Театар | 04.09.2025 | 200 |
| Концерт | У.Д. „Jazzin – Тетово" | 12,13.09.2025 | 800 |
| Филм | Тифф Ода | 15-21.09.2025 | 2.000 |
| Изложба | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 22.09.2025 | 50 |
| Фолклор | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 27.09.2025 | 650 |

01 **04.09.2025 (четврток)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше реприза на претставата „Пациентот на д-р Фројд". На настанот имаше 200 присутни.

02 **12,13.09.2025 (петок , сабота)**

Во организација на здружението „Jazzin-Тетово", пред публиката настапија солистката Елина Дуни и гитаристот Роб Луфт. Настанот имаше вкупно 800 посетители.

03 **15–21.09.2025 (понеделник - недела)**

Во организација на ТИФФ „Ода“ се одржа меѓународниот филмски фестивал (14-то издание), каде со своите краткометражни и долгометражни филмови учествуваа многу продукции од различни земји во светот. Во текот на целиот настан имаше 2.000 присутни.

04 **22.09.2025 (понеделник)**

Организирано од НУЦК „Иљо Антески-Смок“, со поддршка на Министерството за култура и туризам, во холот беше поставена самостојната изложба на Габриела Петровска, „Патување низ времето“. На овој настан учествуваа 50 посетители.

05 **27.09.2025 (сабота)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок“, поддржано од Министерството за култура и туризам се реализираше 14-тото издание на фестивалот на старогрaдски песни „Теута“. На фестивалот, покрај домаќините, женскиот хор „Теута“, учесници беа и машката група „Бурими“ од Улцињ, женскиот хор „Неџмие Пагаруша“ од Приштина, КУД „Прешево“ од Прешево, ансамблот „Исуф Мизири“ од Елбасан, октетот „Илирикум“ од Тетово, како и групата „Рилиндја“ од Ѓаковица. На настанот имаше 650 присутни.

## Октомври 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Претстава | Тетовски Театар | 01-06.10.2025 | 3.000 |
| Концерт | Д.М.У. „Тодор Скалоски Тетоец“ | 09.10.2025 | 350 |
| Политички средби | СДСМ | 11.10.2025 | 400 |
| Концерт | Музички Ансамбл | 15.10.2025 | 400 |
| Претстава | Тетовски Театар | 16.10.2025 | 300 |
| Литература | Дитет е Наимит | 17.10.2025 | 450 |
| Претстава | Тетовски Театар | 20.10.2025 | 200 |
| Претстава | Тетовски Театар | 22.10.2025 | 150 |
| Активност за деца | Јаболчиња | 26.10.2025 | 650 |
| Претстава | См Арт Виз Арт | 31.10.2025 | 650 |

01 **01–06.10.2025 (среда – понеделник)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше 10-тото издание на Меѓународниот театарски фестивал. Учесници на фестивалот беа Театарот во Тетово, Театарот „Адриана“ од Феризај, Националниот театар на Косово – Приштина, Театарот „Абдула Крашница“ – Прешево, Градскиот театар & Anamour – Гњилане, како и Театарот од Гостивар. На фестивалот имаше околу 3.000 љубители на уметноста.

02 **09.10.2025 (четврток)**

Д.М.У „Тодор Скалоски Тетоец„ организираше јубилеен концерт по повод 75-годишнината. На овој настан имаше 350 посетители.

03 **11.10.2025 (сабота)**

Во организација на СДСМ, во надворешниот дел на институцијата се одржа политички собир. На овој настан имаше околу 400 посетители.

04 **15.10.2025 (среда)**

Во организација на Музичкиот ансамбл се одржа проектот „Концерт за виолина, пијано и оркестар“. На овој настан имаше 400 посетители.

05 **16.10.2025 (четврток)**

Во организација на Тетовскиот Театар се одржа премиерата на претставата „Во соочување со смртта“. На овој настан имаше 300 посетители.

06 **17.10.2025 (петок)**

Се одржа Меѓународниот поетски фестивал „ Дитет е Наимит “. На настанот имаше 450 присутни.

07 **20.10.2025 (понеделник)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше реприза на претставата „Во соочување со смртта“. На настанот имаше 200 присутни.

08 **22.10.2025 (среда)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше реприза на претставата „Во соочување со смртта“. На настанот имаше 150 присутни.

09 **26.10.2025 (недела)**

Се одржа 30-тото издание на детскиот фестивал „Јаболчиња“. На настанот имаше 650 присутни.

10 **31.10.2025 (петок)**

Во организација на „ См Арт Виз Арт “ се одржа стендап комедијата на Сашко Коцев. На настанот имаше 650 присутни.

## Ноември 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Концерт | Музички Ансамбл | 08.11.2025 | 650 |
| Концерт | КУД „Џеладин Зеќири“ | 09.11.2025 | 650 |
| Трибина | Исламски Младински Форум | 10.11.2025 | 650 |
| Претстава | Тетовски Театар | 11.11.2025 | 250 |
| Активност за деца | Радио Блета | 13.11.2025 | 650 |
| Претстава | Тетовски Театар | 14.11.2025 | 150 |
| Свечена академија | Планински клуб „Љуботен“ | 15.11.2025 | 500 |
| Претстава | Тетовски Театар | 16-17.11.2025 | 300 |
| Трибина | О.О. Сојуз на борци | 18.11.2025 | 650 |
| Концерт | Музички Ансамбл | 19.11.2025 | 650 |
| Изложба | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 20.11.2025 | 50 |
| Концерт | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 21.11.2025 | 650 |
| Фолклор | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 22.11.2025 | 650 |
| Концерт | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 23.11.2025 | 50 |
| Класична музика | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 24.11.2025 | 30 |
| Активност за деца | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 28.11.2025 | 300 |
| Претстава | Бојан Велевски | 30.11.2025 | 650 |

01 **08.11.2025 (сабота)**

Во организација на Музичкиот ансамбл се одржа концертот „Виола, флејта, гитара“ под диригентство на Премтим Етеми. На настанот имаше 650 присутни.

02 **09.11.2025 (недела)**

Во организација на КУД „Џеладин Зеќири“ се одржа годишен концерт со женскиот хор „Теута“. На настанот имаше 650 присутни.

03 **10.11.2025 (понеделник)**

Во организација на Исламскиот младински форум, во големата сала се реализираше културна програма. На настанот имаше 650 присутни.

04 **11.11.2025 (вторник)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше премиерата на претставата „Играј со мене“. На настанот имаше 200 присутни.

05 **13.11.2025 (четврток)**

Во организација на Радио Блета се одржа детскиот фестивал „Блетезат“. На настанот имаше 650 присутни.

06 **14.11.2025 (петок)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше реприза на претставата „Играј со мене“. На настанот имаше 150 присутни.

07 **15.11.2025 (сабота)**

Во организација на Планинарскиот клуб „Љуботен“ се реализираше свечена академија по повод јубилејот на клубот. На настанот имаше 500 присутни.

08 **16,17.11.2025 (недела, понеделник)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше реприза на претставата „Играј со мене“. На настаните имаше 300 присутни.

09 **18.11.2025 (вторник)**

Во организација на О.О. Сојуз на борци се реализираше церемонија по повод денот на ослободувањето на градот. На настанот имаше 650 присутни.

10 **19.11.2025 (среда)**

Во организација на Музичкиот ансамбл се одржа концерт по повод ноемвриските празници. На настанот имаше 650 присутни.

11 **20.11.2025 (четврток)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ Тетово, поддржано од Министерството за култура и туризам, се одржа колективната изложба „Без наслов“. На настанот имаше 50 присутни.

12 **21.11.2025 (петок)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ Тетово, поддржано од Министерството за култура и туризам, се одржа концертот „PARFUMI“ со тенорите Кастриот Туша и Ардиан Требицка. На настанот имаше 650 присутни.

13 **22.11.2025 (сабота)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ Тетово, заедно со здружението „Јехона е Малесисе“, по повод Денот на албанската азбука се одржа концертот „Одекнуваат нашите букви“. На настанот имаше 650 присутни.

14 **23.11.2025 (недела)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок" Тетово, поддржано од Министерството за култура и туризам, во салата на Универзитетот во Тетово се одржа концертот „Рок бајка во есен". На настанот имаше 50 присутни.

15 **24.11.2025 (понеделник)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок" Тетово, поддржано од Министерството за култура и туризам, во салата на Универзитетот во Тетово се одржа класичен концерт „Есенски звуци". На настанот имаше 30 присутни.

16 **28.11.2025 (петок)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок" – Тетово се одржа детска манифестација по повод ноемвриските празници. На овој настан учествуваа голем број деца кои ги претставија своите уметнички таленти со сценски настапи и традиционални танци. На настанот имаше 300 присутни.

17 **30.11.2025 (недела)**

Во големата сала на институцијата се организираше стендап комедија на Бојан Велевски. На настанот имаше 650 присутни.

## Декември 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Концерт | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 10.12.2025 | 600 |
| Концерт | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 11.12.2025 | 650 |
| Концерт | Бобан Трпковски | 13.12.2025 | 500 |
| Претстава | Тетовски Театар | 17.12.2025 | 250 |
| Изложба | Н.У.Б. „Кочо Рацин" | 18.12.2025 | 50 |
| Претстава | Тетовски Театар | 22.12.2025 | 150 |
| Активност за деца | Ротари клуб | 26.12.2025 | 500 |
| Концерт | К.У.Д. „Шара" | 27.12.2025 | 600 |
| Политички средби | Демократска Партија на Албанците | 28.12.2025 | 650 |

01 **10.12.2025 (среда)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ Тетово, поддржано од Министерството за култура и туризам, се одржа концерт со хорот „Crescendo“ со наслов „Новогодишна музичка магија“. На настанот имаше 600 присутни.

02 **11.12.2025 (четврток)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ Тетово се реализираше концерт со Државниот ансамбл на песни и ора во големата сала на институцијата. На настанот имаше 650 присутни.

03 **13.12.2025 (сабота)**

Во организација на Бобан Трпковски, во големата сала се одржа годишниот концерт „За здравје и бериќет“. На настанот имаше 500 присутни.

04 **17.12.2025 (среда)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше премиерата на претставата „Драма за смеење“. На настанот имаше 250 присутни.

05 **18.12.2025 (четврток)**

Во организација на НУБ. „Кочо Рацин“ се одржа изложба посветена на улогата на книгата и читањето. На овој настан имаше 50 посетители.

06 **22.12.2025 (понеделник)**

Во организација на Тетовскиот Театар се реализираше реприза на претставата „Драма за смеење“. На настанот имаше 150 присутни.

07 **26.12.2025 (петок)**

Во организација на Ротари клубот, во Центарот за култура се реализираше активност за деца. На настанот имаше 500 присутни.

08 **27.12.2025 (сабота)**

Во организација на КУД „Шара„ се одржа годишен концерт на детска група. На настанот имаше 600 присутни.

09 **28.12.2025 (недела)**

Во организација на Демократската партија на Албанците се одржа централното собрание во големата сала на институцијата. На овој настан имаше околу 650 посетители.

# III.1. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ




## РАСХОДНА СТАВКА 401 - ОСНОВНИ ПЛАТИ

Центар за Култура „Иљо Антески Смок“ во второто полугодие на 2025 година направи некои важни трошоци за платите на своите вработени. Овие трошоци се тесно поврзани со обезбедување на квалитетна и одржлива услуга за сите културни и уметнички активности што се одржуваат во оваа институција. Трошоците за платите на уметничките раководители, административните службеници, техничкиот персонал, како и персоналниот данок се во вкупна вредност од 7,872,365.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 402 - ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Придонесите за социјално осигурување, кои вклучуваат: основни придонеси за ПИО, основни придонеси за здравство, основен придонес за професионално заболување, основни придонеси до Агенцијата за вработување, се важна компонента на оперативниот буџет на институцијата. Овие придонеси се од суштинско значење за обезбедување социјална и економска заштита на персоналот и претставуваат значајна инвестиција во благосостојбата на вработените. Вкупната вредност на оваа категорија на расходи изнесува 3,048,665.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 404 - НАДОМЕСТОЦИ

Во ова расходна ставка за надомест за годишен одмор на вработените е реализирано вкупно износот од 296,928.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 421 - КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ

Трошоците на Центарот за култура за електрична енергија, кои опфаќаат осветлување на внатрешните и надворешните простории, работа на електричната опрема, како и функционирање на системите за вентилација и климатизација за вкупно 6500 м² корисен простор, изнесуваат 667,244.00 денари. Истата инфраструктура ја користат и други институции сместени во објектот, како што се: Националната установа Тетовски театар – Тетово, Националната установа Музички ансамбл, Американско катче Тетово, Алијанса за француски јазик и култура и други. Овие трошоци беа континуирани и придонесоа за обезбедување удобна и функционална средина за реализација на сите активности во институцијата.

Трошоците за електрична енергија, други комунални такси и услуги, како и други материјали за греење беа неопходни за непречено секојдневно функционирање на институцијата и за одржување на чиста и безбедна средина за посетителите и вработените. Во второто полугодие на 2025 година, вкупните трошоци за електрична енергија, други комунални такси и други материјали за греење изнесуваат 1,665,409.00 денари. Иако станува збор за значителна сума, овие средства беа неопходни за нормално и ефикасно функционирање на институцијата, како и за обезбедување безбедна, чиста и пријатна средина за сите корисници.

## РАСХОДНА СТАВКА 464 - РАЗНИ ТРАНСФЕРИ

Во рамките на Годишната програма за 2025 година, за периодот од 01.07.2025 до 31.12.2025, се реализирани вкупно 1,409,009.00 денари, од кои 1,196,000.00 денари се финансирани од Министерството за култура, додека 213,009.00 денари од сопствени средства. Реализираните средства се искористени за следниве активности:

## Визуелни уметности

- Самостојна изложба на Есра Лута „Flow in the Flower“ – вториот дел во износ од 10,000.00 денари е реализиран од буџетски средства (првиот дел во износ од 60,000.00 денари е реализиран од буџетски средства во првото полугодие на 2025 година). Проектот е целосно реализиран во вкупен износ од 70,000.00 денари.
- Колективна изложба „Без наслов“ – целосно реализирани во вкупен износ од 70,164.00 денари, од кои 70,000.00 денари се реализирани од буџетски средства, а 164.00 денари од сопствени средства.
- Самостојна изложба на Габриела Петровска „Времеплов“ – вториот дел во износ од 30,000.00 денари е реализиран од буџетски средства (првиот дел во износ од 40,000.00 денари е реализиран од буџетски средства во првото полугодие на 2025 година). Проектот е целосно реализиран во вкупен износ од 70,000.00 денари.

## Фолклорна дејност

- Фестивал на староградски песни „Теута“ – целосно реализиран во вкупен износ од 524,537.00 денари, од кои 500,000.00 денари се реализирани од буџетски средства, а преостанатиот износ од 24,537.00 денари е реализиран од сопствени средства.
- „19 Мај“ – младински концерт – целосно реализиран во вкупен износ од 150,000.00 денари од буџетски средства.

## Музичка и музичко-сценска дејност

- Рецитален концерт „Парфем“ – целосно реализиран во вкупен износ од 341,528.00 денари, од кои 180,000.00 денари се реализирани од буџетски средства, а преостанатиот износ од 161,528.00 денари од сопствени средства.
- „Есенска рок приказна“ – целосно реализирана во вкупен износ од 100,060.00 денари, од кои 100,000.00 денари се реализирани од буџетски средства, а 60.00 денари од сопствени средства.
- „Класични звуци“ – целосно реализирани во вкупен износ од 100,060.00 денари, од кои 100,000.00 денари се реализирани од буџетски средства, а 60.00 денари од сопствени средства.
- Музичко шоу на детскиот хор „Крешендо“ – првиот дел во износ од 56,000.00 денари е реализиран од буџетски средства, додека вториот дел во износ од 14,916.00 денари е предвидено да се реализира во текот на првото полугодие на 2026 година.
- „Ноемвриски празници“ – првиот дел во износ од 26,660.00 денари е реализиран од сопствени средства во второто полугодие на 2025 година, додека вториот дел во износ од 15,000.00 денари е предвидено да се реализира во првото полугодие на 2026 година.

За поддршка на работењето и развојот на своите активности, Центарот за култура има реализирано материјални трошоци во износ од 50,000.00 денари од буџетски средства. Овие трошоци беа неопходни со цел да се обезбеди ефикасно и квалитетно извршување на услугите и непречено функционирање на институцијата.

Во текот на второто полугодие на 2025 година, односно во периодот од 01.07.2025 до 31.12.2025 година, нашата установа – Центар за култура, од сопствените средства реализираше повеќе видови трошоци со цел обезбедување на непречено функционирање на институцијата, одржување на хигиената, административно работење, како и унапредување на условите за работа и престој на посетителите, во вкупен износ од 513,191.00 денари.

Во рамките на овој период беа реализирани следните категории на трошоци:

- **Трошоци за поштенски и телекомуникациски услуги**

Овие трошоци вклучуваат сметки за телефон и интернет, како и поштенски услуги поврзани со службената комуникација и испраќање/примање на документи и известувања.

- **Средства за одржување на хигиената**

Обезбедени се хигиенски производи како што се детергенти, дезинфекциски средства, сапуни, тоалетна хартија и слично, со цел редовно одржување на чистотата во просториите на институцијата и обезбедување на безбедна и здрава околина.

- **Материјали и канцелариска опрема**

Снабдени се неопходни материјали за административно работење, вклучително тонери за печатачи, канцелариска хартија, пенкала, папки, регистратори и друг потрошен материјал за секојдневната работа на вработените.

- **Ситен инвентар**

Се набавени разни помагала и предмети од ситен инвентар кои служат за подобрување на работната ефикасност и организација во канцелариските простории.

Вкупната вредност на трошоците во оваа расходна ставка за реализација на Годишната програма, материјалните трошоци, трошоците за поштенски и телекомуникациски услуги, средствата за одржување на хигиената, материјалите и канцелариската опрема, ситниот инвентар и разните трансфери, изнесува 1,972,200.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 482 - ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

Во рамките на инвестиционо-капиталниот циклус, каде нашата институција е носител на изградбата на објектот на Националната установа Театар и Библиотека во Тетово, за изведба на „Втората фаза од изградбата на нов објект за Театар и Библиотека во Тетово“, врз основа на Договор бр. 50-4187/1 од 01.04.2025 година за обезбедување финансиски средства за Н.У.Ц.К. „Иљо Антески Смок“ – Тетово и Анекс договор бр. 50-4187/5 од 30.12.2025 година за изменување на истиот договор, кон изведувачот Д.Г.Т.У. „НБ-ЦОМПАНУ“ ДОО Тетово се реализирани финансиски средства во износ од 11.645.533,00 денари.

За вршење стручен надзор на „Втората фаза од изградбата на нов објект за Театар и Библиотека во Тетово“, кон друштвото за управување со проекти ЕОС Е.Е. ДОО Скопје е исплатен износ од 156.033,00 денари.

Вкупната вредност на оваа категорија на расходи изнесува 11.801.566,00 денари, обезбедувајќи транспарентно и ефикасно реализирање на проектот.

Прилог: Табеларен преглед на финансиски извештај на НУЦК “Иљо Антески-Смок“-Тетово.

## I. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на конто | Износ (денари) конто 603 | Износ (денари) конто 631 | Износ (денари) конто 787 | Износ (денари) конто 785 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 723911 | Закупнина од објекти (пренесен вишок на приходи од првото полугодие на 2025 гоина.) | 0,00 | 42.249,00 | 238.495,00 | 0,00 | 280.744,00 |
| 723911 | Закупнина на објекти | 0,00 | 282.372,00 | 455.138,00 | 50.000,00 | 787.510,00 |
| 741112 | Трансфери од буџетот на РСМ | 25.930.933,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 25.930.933,00 |
| | **Вкупно приходи** | **25.930.933,00** | **324.621,00** | **693.633,00** | **50.000,00** | **26.999.187,00** |

## II. РАСХОДИ

| Конто | Опис на конто | Износ (денари) конто 603 | Износ (денари) конто 631 | Износ (денари) конто 787 | Износ (денари) конто 785 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **401** | **ОСНОВНИ ПЛАТИ** | 7.872.365,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 7.872.365,00 |
| 401130 | Основни плати | 7.201.651,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 7.201.651,00 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 637.714,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 637.714,00 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 33.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 33.000,00 |
| **402** | **ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ** | 3.048.665,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 3.048.665,00 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 2.046.948,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.046.948,00 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 816.611,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 816.611,00 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 54.444,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 54.444,00 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | 130.662,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 130.662,00 |
| **404** | **НАДОМЕСТОЦИ** | 296.928,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 296.928,00 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 296.928,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 296.928,00 |
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | 1.665.409,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.665.409,00 |
| 421110 | Електрична енергија | 667.244,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 667.244,00 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 198.307,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 198.307,00 |
| 421290 | Други материјали за греење | 799.858,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 799.858,00 |
| **464** | **РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | 1.246.000,00 | 203.076,00 | 523.124,00 | 0,00 | 1.972.200,00 |
| 464990 | Други трансфери | 1.246.000,00 | 203.076,00 | 523.124,00 | 0,00 | 1.972.200,00 |

| Конто | Опис на конто | Износ (денари) конто 603 | Износ (денари) конто 631 | Износ (денари) конто 787 | Износ (денари) конто 785 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | 11.801.566,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.801.566,00 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 11.801.566,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.801.566,00 |
| | **Вкупно расходи** | **25.930.933,00** | **203.076,00** | **523.124,00** | **0,00** | **26.657.133,00** |

| | |
|---|---|
| **I.ВКУПНО ПРИХОДИ** | 26.999.187,00 |
| **II.ВКУПНО РАСХОДИ** | 26.657.133,00 |
| **ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ** | **342.054,00** |

# Заклучок

Врз основа на реализираните активности и финансиските показатели, може да се констатира дека НУЦК „Иљо Антески–Смок“ – Тетово во периодот од 01.07.2025 до 31.12.2025 година оствари успешно и стабилно работење. Со реализација на вкупно 56 настани и посетеност од 21.780 посетители, институцијата го потврди својот значаен придонес во културниот живот на градот и пошироко.

Финансиското работење се карактеризира со рационално управување со средствата и остварен позитивен финансиски резултат, што укажува на одржливост и дисциплинирано буџетско работење. Истовремено, реализираните програмски активности покажуваат разновидност и континуитет во понудата, со вклученост на различни целни групи и културни содржини.

Сепак, останува потребата од унапредување на координацијата со надлежните институции, особено во делот на планирање и реализација на финансиските средства, како и регулирање на меѓусебните односи во користењето на инфраструктурата со други субјекти.

Во наредниот период, се препорачува дополнително зајакнување на институционалната соработка, оптимизација на трошоците и унапредување на програмската понуда, со цел уште поголема ефикасност и видливост на установата.




ОБРАБОТЕНО ОД:

**Мр. Шевал Сулејмани**, Советник за административни, општи и правни работи
**Хакан Мејди**, Стручен соработник за меѓународна соработка
**Љуљета Шаќири**, Советник за материјално-финансиско работење
**Филјиз Сулејмани**, Советник за информатички работи

ОДОБРЕНО ОД:

**Артан Арслани**, Програмски раководител
**Дашнор Аголи**, Раководител на сектор за материјално-финансиски работи и сметководство

**Директор,**

**Њомза Имери Исмаили**